*ОПШТИНА КАРПОШ*
*СЕКРЕТАР*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број: 21-7750/11
Датум: 20.11.2019год.
Скопје

---

Врз основа на член 52, став 1 од Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 ), се донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на интерен оглас**

1. За извршител за работното место – УПР0101Б04000, Раководител на Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци во Одделението за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци, во Секторот за финансиски прашања, се избира кандидатот **Благоја Павловски**, од Скопје.

2. Именуваниот од точка 1 на оваа одлука ќе биде унапреден на работното место по завршување на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во согласност со член 48 од Законот за административните службеници, на 07.11.2019 година на веб странатa на Општина Карпош и на веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на работно место – Раководител на Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци во Одделението за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци, во Секторот за финансиски прашања.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр. 21–7750/6 од 14.11.2019 година, донесено од страна на Секретарот на Општина Карпош изготви ранг – листа, што со Записник бр. 11-7750/8 од 18.11.2019 година, ја достави до Секретарот на Општина Карпош.
Врз основа на Записникот со ранг – листата, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Општина Карпош.

СЕКРЕТАР
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стојан Алексов**

Доставено до:
- Именуваниот,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош.